РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**јуни 2013 година**



Скопје, август 2013 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни 2013 година

- Во јуни 2013 година индустриското производство забележа раст од 1,9% во споредба со мај 2012 година, а во однос на мај 2013 година забележа раст од 2,6%;
- Стапката на инфлација на годишна основа изнесува 4,2%, а на месечна 0,3%. Просечната стапка на инфлација во првата половина од 2013 година изнесува 3,6%;
- Годишен пад на физичкиот обем на извозот во периодот јануари - јуни 2013 година од 18,1%, со вредносен раст од 0,8% и пад на увезените количини стоки од 17,8%, со вредносен пад од 1,8%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 5,9% во однос на истиот период од 2012 година;
- Помало остварување на вкупните приходи во Буџетот за 1,3% и зголемување на вкупните расходи за 6,5% во првите шест месеци од 2013 година во однос на истиот период лани; Дефицит на Буџетот на РМ од 13.817 милиони денари (2,8% од БДП) и дефицит на Централниот буџет од 12.517 милиони денари (2,6% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 3,7% на годишна основа и засилен раст од 3,9% на вкупниот депозитен потенцијал на банките;

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во јуни 2013 година индустриското производство забележа раст од 1,9% во споредба со јуни 2012 година. Анализирано по сектори, секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 6,7% како резултат на растот во гранката Вадење руди на метал од 29,3%, додека гранките Вадење други руди и камен и Вадење јаглен и лигнит забележаа пад од 15,2% и 9,9% соодветно. Секторот Преработувачка индустрија забележа раст од 1,9%, додека секторот Снабдување со електрична енергија гас, пареа и климатизација забележа пад од 2,7%. Во рамките на Преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 9 од 23 гранки, кои сочинуваат 43,82% од индустриското производство. Од гранките со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство раст е забележан во гранката Производство на облека од 8,6%, додека пад е забележан кај Производство на прехранбени производи од 9,6%. Значителен раст е остварен и кај следните гранки: Производство на машини и уреди 34,4%, Производство на производи од гума и производи од пластични маси 33,8%,-Производство на останата опрема за транспорт 19,4%, Производство на тутунски производи 15,8%, Производство на пијалаци 15,3%, Производство на текстил 14,8%, Производство на други неметални минерални производи 10,8%, и 8,6% кај Производство на облека.

| Индустриско производство (во %) - јуни 2013 година | | | |
|---|---|---|---|
| | м/м-12 | м/м-1 | I-VI 2013 / I-VI 2012 |
| Вкупно | 1,9 | 2,6 | 1,8 |
| Рударство и вадење камен | 6,7 | 6,9 | 9,7 |
| Преработувачка индустрија | 1,9 | 6,8 | -0,6 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -2,7 | -21,4 | 8,7 |

Извор: ДЗС

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јуни 2013 година имаат гранките Вадење руди на метал (1,7 п.п.) и Производство на машини и уреди (1,7 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на прехранбени производи (-1,3 п.п.).




Индустриското производство во јуни 2013 година во однос на мај 2013 година забележа раст од 2,6%. Секторската анализа укажува дека раст е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 6,9% и Секторот Преработувачка индустрија од 6,8%. Растот во секторот Рударство и вадење камен се должи на високиот раст на гранката Вадење јаглен и лигнит и тоа 45,7% и растот во гранката Вадење други руди на камен од 10,5%, додека гранката Вадење руди на метал забележа пад од 5,5%. Секторот Снабдување со

електрична енергија, гас, пареа и климатизација во јуни 2013 година забележа пад од 21,4% во однос на мај 2013 година .

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари – јуни 2013 година во однос на истиот период од 2012 година регистрира раст од 1,8%. Секторот Рударство и вадење камен забележа раст од 9,7%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација раст од 8,7%, додека секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 0,6%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јуни 2013 во однос на јуни 2012 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 10,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 5,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,4%. Пад на производството е регистриран кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 17,1% и Енергија од 4,4%.

На месечно ниво, во јуни 2013 година податоците за индустриското производство по наменски групи покажуваат зголемување на производството кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка за 8,6%, Капитални производи за 4,9% и Интермедијарни производи, освен енергија за 4,3%. Пад е забележан во групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 15,2% и Енергија за 13,1%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - јуни 2013 година во однос на истиот период од минатата година раст е забележан кај групите: Капитални производи од 6,2%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,9%, Енергија од 4,4% и Трајни производи за широка потрошувачка од 3,2%. Пад е забележан во групата Интермедијарни производи освен енергија од 5,5%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Тековната економска состојба на деловните субјекти во јуни 2013 година е поповолна во однос на претходниот месец, а понеповолна во однос на јуни 2012 година.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна во однос на претходниот месец и во однос на јуни 2012 година. Оценката за обемот на производството во изминатите три месеци е поповолна во однос на мај 2013 година и во однос на јуни 2012 година. Очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец и во однос на јуни 2012 година.

Во однос на бројот на вработените, очекувањата во јуни 2013 година за наредните три месеци се поповолни во однос на минатиот месец, а понеповолни во однос на јуни 2012 година.

Просечното искористување на капацитетите во јуни 2013 година изнесува 60,9%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 60,8%. Споредено со јуни 2012 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,8п.п.

Во јуни 2013 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата.




Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е поповолна во споредба со претходниот месец, а понеповолна во споредба со јуни 2012 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, се очекува намалување на просечните набавни цени на инпутите, како и на продажните цени на готовите производи.

Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во јуни 2013 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 26,2%, недоволната домашна побарувачка со 20,2%, недостигот на квалификувана работна сила со 10,2%, финансиските проблеми со 9,8%, конкурентниот увоз со 9,1%, неизвесното економско окружување со 8,7%, нејасните економски закони со 3,4%, недостигот на суровини со 3,0% и недостигот на опрема со 2,1%.

Како ограничувачки фактори во јуни 2013 година во однос на мај 2013 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: финансиските проблеми, недоволната странска побарувачка, недостигот на квалификувана работна сила и недостигот на опрема, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната домашна побарувачка, конкурентниот увоз и нејасните економски закони. Кај останатите фактори нема позначајни промени.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2013 година во однос на јуни 2012 година забележа зголемување од 0,5%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторите: Рударство и вадење камен за 8,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,1%, додека намалување на бројот на работници има во секторот Преработувачка индустрија за 0,3%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2013 година во однос на јуни 2012 година покажуваат дека зголемување има кај групите: Енергија за 7,9%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,8% и Трајни производи за широка потрошувачка за 0,4%, додека намалување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 6,0% и Интермедијарни производи, освен енергија за 1,9%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2013 година беа издадени 180 одобренија за градба, што претставува намалување од 27,7% во однос на истиот месец од 2012 година. Вкупниот број на издадени одобренија за градење во однос на мај 2013 година, кога беа издадени 209 одобренија, се намали за 13,9%.




Предвидената вредност на објектите, според издадените одобренија за градење во јуни, изнесува 1.508 милиони денари, што е за 83,1% помалку во однос на јуни 2012 година, додека во однос на мај 2013 година вредноста на објектите бележи намалување за 13,3%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 139 (или 77,2%) се наменети за објекти од високоградба, 14 (или 7,8%) за објекти од нискоградба и 27 (или 15%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 180 објекти за кои се издадени одобренија за градба, на 139 (или 77,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 41 објект (или 22,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јуни 2013 година предвидена е изградба на 199 станови, со вкупна корисна површина од 20.451м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 68,4% во однос на истиот месец од 2012 година, а во однос на мај 2013 година е намален за 43,8%.

Анализирано по региони, во јуни 2013 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 52, пришто 41 одобрение е издадено за инвеститори - физички лица и 11 одобренија за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Југозападниот регион - 8, а сите одобренија се издадени за инвеститори - физичка лица.




Во периодот јануари-јуни 2013 година, најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 347, од кои 261 одобрение е за инвеститори - физички лица, а 86 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион,

вкупно 85, од кои 73 одобренија се за инвеститори - физички лица, а 12 за инвеститори - деловни субјекти.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација, измерена според Индексот на трошоци на живот, во јуни 2013 година изнесува 4,2%. Просечната стапка на инфлација во првата половина од 2013 година изнесува 3,6%.

На годишна основа, растот на цените во јуни е највисок во категоријата Облека и обувки од 6,9%. Раст на цените е забележан и кај следните категории: Исхрана 6,2%, Ресторани и хотели 4,3%, Хигиена и здравје 3,9%, Домување 3,5%, Тутун и пијалаци 1,7%, Култура и разонода 1% и Административни и финансиски услуги 0,9%. Пад на цените е забележан кај категоријата Сообраќајни средства и услуги од 0,3%.

Стапката на инфлација во јуни споредено со претходниот месец изнесува 0,3%. Растот на цените е резултат на зголемените цени кај следните категории: Сообраќајни средства и услуги од 0,9%, Исхрана од 0,5% и Облека и обувки од 0,2%. Цените останаа непроменети во категориите Тутун и пијалаци, Домување и Административни и финансиски услуги. Во категориите Хигиена и здравје и Култура и разонода е забележан пад на цените од 0,3%, а во категоријата Ресторани и хотели цените се намалија за 0,4%.




Цените на мало во јуни 2013 година се повисоки за 2,3% во однос на јуни 2012 година. Споредено со претходниот месец цените на мало се повисоки за 0,4%. Просечниот раст на цените на мало во првата половина од 2013 година изнесува 1,6%.

## Берзански цени

Во јуни 2013 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа незначителен раст од 0,1% во однос на претходниот месец и изнесуваше 103,1 долар за барел. Споредено со јуни 2012 година, цената на нафтата е повисока за 7,9%. Цената на природниот гас во јуни се намали за 2,8% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, на светските берзи во јуни се тргуваше со просечна цена од 14.280 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 4,5%. Споредено со јуни 2012 година, цената на никелот е пониска за 13,7%. Во јуни, месечно намалување на цената забележаа и бакарот од 3,4%, калајот од 2,4% и алуминиумот 1%, во рамки на основните

метали, додека месечен раст на цената забележаа оловото од 3,3% и цинкот од 0,4%. Цената на железните руда во јуни забележа месечен пад од 7,7%. Во јуни се забележува месечен пад на цените на благородните метали, пришто цената на среброто се намали за 8,4%, на златото за 5% и на платината за 3,1%.




Во јуни цената на пченицата на светските берзи забележа пад од 2% на месечна основа. Цената на пченката во јуни продолжи да расте и споредено со мај е повисока за 1%.

## 2. Надворешно - трговска размена

Вкупната надворешно-трговска размена во првата половина од 2013 година бележи контракција од 0,8% во однос на истиот период од 2012 година.




### Извоз

Во периодот јануари - јуни 2013 година физичкиот обем на извозот бележи пад од 18,1% во однос на истиот период од 2012 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 1.525,0 милиони евра и бележи раст од 0,8% (12,8 милиони евра) во однос на периодот јануари - јуни 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2013 година извозот бележи зголемување од 6,8% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на извозот во јуни 2013 година бележи месечен раст од 6,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,2 п.п.) врз извозот овој месец.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во

периодот јануари - јуни 2013 година се: железо и челик со 19,1%, хемиски материи и производи 15,2%, облека 15,0%, пијалаци и тутун 6,2%, метална руда и отпадоци од метал 5,7%, и нафта и производи од нафта 2,4%. Овие шест групи производи сочинуваат 63,6% од вкупниот извоз на државата.

Гледано по економска намена, во првата половина од 2013 година, најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриски набавки (53,2%), потоа следуваат стоките за широка потрошувачка (22,1%), храна и пијалаци (10,5%), производите за инвестиции без транспортна опрема (9,9%), горива и мазива (2,5%) и транспортна опрема (1,8%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI 2012 | I-VI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 349,5 | 283,2 | -66,3 | -19,0 |
| Мил. ЕУР | 342,5 | 291,3 | -51,2 | -15,0 |
| Мил.$ | 443,7 | 381,8 | -61,9 | -13,9 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI 2012 | I-VI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 269,1 | 306,5 | 37,4 | 13,9 |
| Мил. ЕУР | 139,6 | 149,3 | 9,7 | 7,0 |
| Мил.$ | 180,6 | 196,1 | 15,5 | 8,6 |

*)Претходни податоци




Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; фероникел; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталитичка постапка; тутун; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; машки кошули од памук; руди на олово и концентрати; руди на бакар и концентрати; плоснато валани производи од железо или нелегиран челик со ширина 600мм или поголема; феросилициум; лекови приготвени во одмерени дози; и друго.

## Увоз

Увезените количини стоки во периодот јануари - јуни 2013 година се намалени за 17,8% во однос на периодот јануари - јуни претходната година, а нивната вредност изнесува 2.427,4 милиони евра, што претставува намалување за 1,8% (44,2 милиони евра) во однос на истиот период од 2012 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2013 година увозот бележи пад од 8,3% во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во јуни 2013 година бележи месечен пад од 2,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (5,8 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI 2012 | I-VI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 118,7 | 73,4 | -45,3 | -38,1 |
| Мил. ЕУР | 84,8 | 37,3 | -47,5 | -56,0 |
| Мил.$ | 110,3 | 48,9 | -61,4 | -55,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI 2012 | I-VI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 525,8 | 417,0 | -108,8 | -20,7 |
| Мил. ЕУР | 344,2 | 256,3 | -87,9 | -25,5 |
| Мил.$ | 446,9 | 335,9 | -111,0 | -24,8 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари - јуни 2013 година, покрај нафтата отпаѓа на обоени метали; предиво, ткаенини и текстилни производи; железо и челик; друмски возила; електрични машини, апарати и делови; индустриски машини и делови; и друго.




Гледано по економска намена, во периодот јануари - јуни 2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоките за индустриски набавки (45,3%), потоа следуваат горива и мазива (15,7%), производите за инвестиции без транспортна опрема (13,2%), храна и пијалаци (11,1%), стоки за широка потрошувачка (10,0%) и транспортна опрема (4,7%).

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: платина, необработена или во прав; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; електрична енергија; руди на никел и концентрати; паладиум: необработен или во прав; топло валани производи со дебелина помала од 3 мм; сурова нафта; нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди; премачкувачки средства (бои и лакови); масла за ложење; лекови приготвени во одмерени дози; и слично.

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI 2012 | I-VI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12,7 | 3,4 | -9,4 | -73,5 |
| Мил. ЕУР | 191,7 | 231,9 | 40,2 | 20,9 |
| Мил.$ | 249,4 | 304,3 | 54,8 | 22,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI 2012 | I-VI 2013 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12,3 | 15,5 | 3,1 | 25,5 |
| Мил. ЕУР | 35,1 | 40,5 | 5,3 | 15,1 |
| Мил.$ | 45,7 | 53,0 | 7,3 | 16,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првата половина од 2013 година трговскиот дефицит се стесни за 57,0 милиони евра или 5,9% во однос на истиот период од минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка,

додека во спротивна насока дејствуваше проширеното негативно салдо во размената со стоки за индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Значајно е да се напомене дека од јануари 2013 година се применува ревидирана економска групација на земјите подготвена според Геономенклатурата на ЕУ-Номенклатура на земји и територии за статистика на стоковна размена на Унијата и статистика на стоковна размена помеѓу земјите-членки на Унијата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - јуни 2013 година споредено со истиот период од 2012 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27 и ЕФТА, додека пад има кај групациите: Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ бележи раст од 15,1% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 15,1%.

Во првата половина од 2013 година, надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) се зголемила за 7,5% во однос на истиот период од претходната година , при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување од 4,2 п.п. и изнесува 63,6%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 27) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 70,8%, а увозот на стоки со 59,0%.

Во периодот јануари – јуни 2013 година, 73,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина, Турција и Русија, а потоа следуваат: Србија, Италија, Словенија, Швајцарија, САД, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 73,1% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2013 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - јуни 2012 година претставува зголемување од 3,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 82,5% и 67,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 4,4 п.п., додека кај увозот е зголемена за 3,2 п.п во однос на периодот јануари - јуни 2012 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I-VI 2012 | | | | | I-VI 2013 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.451,7 | 1.576.147.490 | 61,6075 | 97.102.506.465 | 64,0 | 1.470,7 | 1.629.394.604 | 61,6694 | 100.483.787.588 | 67,1 | 53.247.114 | 3,4 |
| УСД | 1.906,0 | 871.673.103 | 49,2161 | 42.900.350.608 | 28,3 | 1.288,4 | 680.639.478 | 46,7918 | 31.848.346.335 | 21,3 | -191.033.625 | -21,9 |
| ГБП | 1,4 | 163.598.826 | 76,4874 | 12.513.248.852 | 8,2 | 1,4 | 220.447.961 | 72,3482 | 15.949.013.193 | 10,7 | 56.849.135 | 34,7 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.359,1 | | | 152.516.105.926 | 92,2 | 2.760,5 | | | 148.281.147.116 | 99,1 | | |
| вк извоз: | 3.363,7 | | | 151.825.726.654 | 100,0 | 2.765,6 | | | 149.653.704.092 | 100,0 | | -1,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари- јуни 2013 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 66.052 милиони денари, односно 13,5% од БДП, што претставува помало остварување за 1,3% во однос на истиот период од 2012 година.

Даночните приходи за првите шест месеци се реализирани во износ од 36.522 милиони денари, односно 7,5% од БДП и во однос на истиот период од 2012 година забележаа намалување за 0,8%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 17.961 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 49,2%. Акцизите се остварени во износ од 6.975 милиони денари (учество од 19,1% во даночните приходи). Така, од овие два данока се остварени приходи од 24.936 милиони денари, односно 2/3 или 68,3% од вкупните даночни приходи (5,1% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 28.515 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.555 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 0,1%%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 10,0% споредено со истиот период од 2012 година).

Одделни категории приходи и расходи (во милиони денари);
Извор: МФ




Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува пад од 6,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 14,3%, учеството на ДДВ донациите е незначително (0,6%) и забележува поголемо остварување за 73,8%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок изнесуваат 4.911 милиони денари и се зголемени за 5,4% на годишна основа, при што околу ¾, односно 74,0% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања. Споредено со истиот период од 2012 година, приходите од данокот на добивка во износ од 2.864 милиони денари забележаа раст од 25,8%, што е резултат пред се на данокот наплатен по основ на исплатени дивиденди и други распределби од добивката, на пресметаната камата на данокот на добивка и на годишниот данок на вкупен приход, а истовремено беше забележан пад на приходите од доплати по Даночен биланс, од платени аконтации и од задржан данок на приходи платени на странски правни лица. Приходите од ДДВ забележаа пад од 5% (што е помалку за 0,5 п.п. од намалувањето за претходниот петмесечен период), додека акцизите забележаа идентичен пад, односно помало остварување за 6,2%. Приходите од царина изнесуваа 2.100

милиони денари и забележаа зголемување од 9,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 1.711 милиони денари забележаа раст од 5,9%.

Неданочните приходи  изнесуваа 4.735 милиони денари во однос на истиот период од 2012 година и забележаа пад од 19,2% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, изнесуваа 2.760 милиони денари, што претставува намалување од  19,8% во однос на истиот период од претходната година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 20.156 милиони денари  (учество од 4,1 % од БДП), што е за 2,7% повеќе споредено со истиот период од 2012 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 2,3%,  придонесите за вработување од 2,4%, додека придонесите за здравствено осигурување забележаа зголемување од 3,8%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари- јуни 2013 година изнесуваа 79.869 милиони денари, односно 16,4% од БДП, што е за 6,5% повеќе во однос на 2012 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 71.841 милиони денари учествуваа со 89,9% (со учество од 14,8% во БДП) и се зголемени за 7,2% во однос на истиот период од 2012 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 50.728 милиони денари (10,4% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 11.264 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 14,1% и во однос на 2012 година се намалени за 1,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.788 милиони денари и споредено со истиот период од 2012 година се зголемени за 10,3%.

Трансферите забележаа зголемување од 7,3% споредено со истиот период од 2012 година. Социјалните трансфери изнесуваа 36.381 милиони денари, забележаа раст од 6,2% и учествуваа со 45,6% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 22.253 милиони денари, зголемување од 9,5%, споредено со истиот период од 2012 година и 27,9% од вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,5%, односно забележаа зголемување од 10,6%, споредено со истиот период  од 2012 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.937 милиони денари, беа реализирани за 0,3% повеќе во однос на првото полугодие од претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 24,0% повеќе.

Каматите се реализирани во износ од 2.061 милиони денари, што е за 54,9% повеќе во споредба со истиот период од 2012 година. Ваквото зголемување во поголем дел се должи на исплатата на доспеаните обврски за камати од задолжување во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 45,8%, додека за странство за 62,0%.

Во анализираниот период средствата за капиталните расходи беа реализирани во износ од 8.028 милиони денари со структурно учество од 10,1% во вкупните расходи (1,7% учество во БДП), односно забележаа зголемување од 1,2% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во првите шест месеци од 2013 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 13.817 милиони денари, што претставува 2,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 12.517 милиони денари и претставува 2,6% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ[1]

Во периодот јануари-јуни 2013 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 79.732 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 46,7% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од 2012 година бројот на засновани нови работни односи е помал за 22,6%.

Во текот на јуни засновани се 12.324 нови работни односи, од кои 17,6% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јуни изнесува 6.611, од кои 32,2% претставуваат нови засновани работни односи. Во јуни во Агенцијата е регистриран прилив од 4.884 лица, од кои 59,5% се лица на кои им престанал работниот однос. Така, бројот на регистрирани невработени лица во јуни 2013 година изнесува 96.999,




1 Со изменувањето и дополнувањето на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 114/2012) извршени се измени и во делот на евиденцијата на невработените лица. Со овој закон утврден е основ за воспоставување и водење две евиденции и тоа евиденција на невработени лица и евиденција на други лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

а бројот на други невработени лица е 126.740.

Најголем дел од невработените, односно 73,5% се од урбани средини (градско население), а 56,5% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 45,3% од невработените, се без образование, со основно образование или со непотполно средно образование, 34,5% се со завршено средно образование, додека само 20,2% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 52,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 49,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 20,1% чекаат вработување 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во мај 2013 година изнесува 31.247 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.108 денари.

На месечна основа, во мај 2013 година просечните бруто и нето плата бележат номинален раст од 1,5%, додека реално истите се повисоки за 1,7%.




Во мај 2013 година во однос на мај 2012 година, просечната бруто плата бележи номинален раст од 2,0%, додека реално истата е пониска за 1,4%. Просечната нето плата номинално е повисока за 2,0%, додека на реална основа истата бележи пад од 1,3%.

Кумулативно, во периодот јануари-мај 2013 година во однос на истиот период од минатата година просечните бруто и нето плата бележат номинален раст од 1,3%, додека реално истите се пониски за 2,0%.

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во мај 2013 година во однос на мај 2012 година е забележан во дејностите Рударство и вадење камен (8,7% бруто плата и 8,1% нето плата), Транспорт и складирање (6,7% бруто плата и 6,9% нето плата) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (6,2% бруто плата и 6,4% нето плата).

Највисок раст на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во мај 2013 година во однос на април 2013 година е забележан во дејностите Рударство и вадење камен (7,5% бруто плата и 7,4% нето плата), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (7,3% бруто плата и 7,1% нето плата) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (6,4% бруто плата и 6,9% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во мај 2013 година изнесува 1,5%, и е понизок за 0,2 п.п. во однос на истиот месец од претходната година како и во однос на март 2013 година.

## Пензии

Во јуни 2013 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 287.174 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот месец од 2012 година. Во однос на мај 2013 година бројот на корисници на пензија е поголем за 1.091 лица. Од вкупниот број пензионери 57,5% се корисници на старосна пензија, 26,8% на семејна пензија и 15,7% на инвалидска пензија.




Во јуни 2013 година за исплата на пензиите се потрошени 3.271,45 милиони денари, што претставува 53,5% од вкупните социјални трансфери[2].

Просечната пензија во јуни 2013 година изнесува 11.618 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 8,8%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2013 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,4%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во јуни 2013 година примарните пари[3] забележаа годишен раст од 2,3% (3,5% минатиот месец), во услови на раст на готовите пари во оптек од 8,6%, додека вкупните ликвидни средства на банките бележат намалување од 2,3%.

На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 0,3%, како резултат на растот на готовите пари во оптек од 2,7%. Вкупната ликвидност на банките се намали за 1,6%.

Имајќи ги предвид најновите макроекономски, пазарни и финансиски показатели, Народна банка на Република Македонија одлучи максималната

[2] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

каматна стапка на благајничките записи и во јуни да се задржи на нивото од 3,5%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во јуни 2013 година се зголеми за 0,9% на месечна основа, како резултат на порастот на депозитите на приватните претпријатија од 1,3% и депозитите на домаќинствата од 0,5%. Од аспект на валутата, раст од 1,7% бележат депозитите во домашна валута додека депозитите во странска валута се непроменети на месечна основа.




На годишна основа, вкупните депозити во јуни 2013 година повторно остварија засилен раст од 3,9%, наспроти растот од 3,3% во мај 2013 година. Од аспект на секторот, растот на вкупните депозити е воден од депозитите на домаќинствата кои бележат раст од 5,8%, додека депозитите на претпријатијата регистрираа ублажен годишен пад од 4,5%.




Од аспект на валутата, во јуни 2013 година се забележува раст на депозитите во домашна валута од 9,6%, додека депозитите во странска валута бележат пад од 2,6%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 27,7%, а краткорочните депозити се намалија за 5,8%.

## Кредити на банките

Во јуни 2013 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% на месечна основа, што главно се должеше на растот на кредитите кон домаќинствата од 1,2%. Растот на кредитите кон приватните претпријатија изнесуваше само 0,1%. Од аспект на валутната структура, денарските кредити забележаа раст од 0,2% додека кредитите во странска валута се зголемија за 1,4%.

На годишна основа, растот на вкупните кредити во јуни изнесуваше 3,7%, како и претходниот месец. Според валутата, новото кредитирање е целосно во

---

4 Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата.

домашна валута. Имено, кредитите во домашна валута се зголемија за 5,8%, додека оние во странска валута бележат пад од 2,4%. Анализирано според секторот, кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 1%, додека кредитите на домаќинствата се зголемија за 7,5%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 0,4%, додека краткорочните кредити се повисоки за 3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2013 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,6% и е намалена за 0,1 п.п. во однос на претходниот месец. Во однос на истиот месец од 2012 година таа е пониска за 0,4 п.п. Каматната стапка на денарските кредити е непроменета и изнесува 8,1%, додека каматната стапка на девизните кредити е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 6,5%.




На месечно ниво, вкупната каматна стапка на депозитите е непроменета и изнесува 3,1%, при што каматните стапки на денарските и девизните депозити изнесуваат 4,5% и 1,9%, соодветно.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2013 година изнесуваа 2.039,2 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 78,7 милиони евра, додека во однос на јуни 2012 година се повисоки за 20,5 милиони евра.

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

**www.finance.gov.mk**

**Извештајот го подготвија:**

Ана Николова

Ангела Васовска

Анета Дудеска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Неџати Куртиши

**Контролирал:** Д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, август 2013 година